

Slow Food®
Macedonia

# ДЕЛОВНИК ЗА РАБОТА на Национален Одбор

www.slowfood.mk



Издавач: **Slow Food Macedonia © 2019**
Издание: **01**
Датум: **30.06 2019 година**

Дизајн и графичко уредување: **Горан Трсунов**
Фото кредит © **Иво Данчев**

# ДЕЛОВНИК ЗА РАБОТА
# на Национален Одбор

www.slowfood.mk

Врз основа на член 19 од Статутот на Слоу Фуд Македонија, Националниот совет на Слоу Фуд Македонија, на седницата одржана на ден 30.06 2019 година, го донесе следниот:

# ДЕЛОВНИК ЗА РАБОТА НА НАЦИОНАЛЕН ОДБОР НА СЛОУ ФУД МАКЕДОНИЈА

**Член 1**

Овој деловник ја регулира работата на Националниот одбор (НО) на Слоу Фуд Македонија, а посебно:

- Избор на Национален одбор;
- Начин на донесување одлуки;

**Член 2**

Националниот одбор (НО) е управен и извршен орган на организацијата и ги спроведува одлуките на Националниот конгрес.
Неговиот избор го врши Националниот конгрес. Изборот се врши на тимот од 4 члена на НО, додека петтиот го делегира меѓународната организација Слоу Фуд.
Во неговиот состав влегуваат членови на Слоу Фуд, со неспорни заслуги и докажан придонес во градењето и работата на организацијата.
На првиот состанок на новоизбраниот Национален одбор се избира Претседател на Националниот одбор од еден од избраните членови на Националниот одбор.

Според член 19 од Статутот на Слоу Фуд Македонија НО е одговорен за:

1. избор на Претседателот на НО и ратификување на престанокот на неговиот мандат;
2. обезбедување на организациски алатки за спроведување на Стратешкиот план и годишните програми;

3. подготовка на годишни буџети и завршни финансиски извештаи кои потоа ги доставуваат до Националниот совет (НС);
4. обезбедување на јавност на своите состаноци, на документите на организацијата и годишните финансиски извештаи;
5. планирање на календар со активности кој треба да се достави до НС;
6. одржување на комуникација со Меѓународниот извршен комитет на Слоу Фуд за координација на активностите на национално и меѓународно ниво со оние на меѓународната организација;
7. утврдување на модалитетите на спроведување на национални кампањи;
8. назначува претставници на организацијата во органи и комисии на национални и меѓународни, јавни и приватни институции;
9. поддршка за воспоставување на конвивиуми и донесува одлука за нивно зачленување во организацијата;
10. контрола за почитувањето на Статутот и актите од страна на членките (конвивиумите) на организацијата;
11. ратификување на изборот на нови лидери на конвивиумите, кои се членови на Националниот совет;
12. престанок со работа на конвивиумот, поради прекршување на статутите и правилниците на организацијата, распуштање и свикување на ново Собрание на членови на конвиивумот;
13. предложи почесни позиции во конвивиумите или на национално, за што подготвува прописи за именување;
14. одобри одземање на овастувањата на лидерот на конвивиумот, ако не ги извршува своите задачи, и со организирање и управување со активности се сметаат за штетни, некомпатибилни и во спротивност со целите на организацијата;
15. ги одобрува прописите кои го регулираат начинот на водење на организацијата и нејзината извршна канцеларија;
16. формира комисии и работни групи, а предлага воспоставување на секции пред НС. Одржува работилници за посебни прашања, и поделува задачи меѓу своите членови;
17. назначува лица одговорни за одредени прашања или области на активност, координатори на секциите и дефинирање на условите за работа;
18. за следење и заштита на користење на неговите трговски марки, а во случај на прекршување на „Правилникот за користење на логото на Слоу Фуд“, неовластено користење и / или злоупотреба, го повлече даденото овластување и да се спречи неговата употреба;
19. одобрува доделување на посебни овластувања и / или овластувањата на трети лица за извршување на посебни функции;
20. свикува, организира работни состаноци на национално ниво, на НС и помеѓу конивиумите;
21. го унапредува членството преку кампањи, развој на програми за членовите и овозможување на придобивки за членовите;

**Член 3**

НО може полноважно да одлучува доколку на состанокот присуствува најмалку една половина од членовите на Национален одбор.
Одлуките во НО се донесуваат со јавно гласање со просто мнозинство гласови од присутните членови на НО. Освен во случаите, од член 2, став 4, точка 1, 3, 9, 12, 14, 16, 18, кога одлуките се се донесуваат со 2/3 (двотретинско) мнозинство.
Во работата на НО може да учествуваат и претставници Националниот совет, координатори на секции и членови на Слоу Фуд , без право на одлучување.

**Член 4**

Со финансиските средства на Слоу Фуд Македонија управува НО, а Претседателот е овластен потписник на сметката на Слоу Фуд Македонија во склад со одлуките на НО.

**Член 5**

Во отсуство или спреченост на Претседателот на НО, сите права и обврски ги презема друг член од НО на Слоу Фуд Македонија, избран од страна на членовите на НО, со мнозинство од вкупниот број на членови на НО. Новиот претседател има мандат до истекот на мандатот на НО.

**Член 6**

Состанок на НО свикува Претседателот.
Состанок на НО може да побара и било кој член на НО.
НО работи по дневен ред подготвен од Претседателот на НО.
Предлози за дневниот ред може да доставуваат членовите на НО, координаторите на секциите, членовите на Националниот совет (НС) или координаторите од извршната канцеларија на Слоу Фуд Македонија.

Дневниот ред треба да биде доставен до членовите на НО најмалку два дена пред одржувањето на состанокот на НО. Со дневниот ред се доставуваат и материјалите кои ќе се разгледуваат и треба да се усвојат на седницата, во случаеви кога е можно тоа, но може да се достават и разгледаат и на самата седница

Доколку е потребно, може да се оствари состанокот преку видео конференција или електронска коминикација, под услов сите членови да имаат можност непречено да го следат текот на состанокото, да изнесат свое размислување и да учествуваат во дискусијата.

На состанокот може да присуствуваат и вработени во извршната канцеларија, претседател на СФММ, координатори на секции, лидери на конвивиуми и членови на Слоу Фуд, да презентираат одредени идеи и ставови, но немаат првао да одлучуваат.

**Член 7**

Претседателот го води состанокот и го става дневниот ред на усвојување од страна на членовите на НО. По усвојувањето на дневниот ред, на разгледување и усвојување се става записникот од претходниот состанок на НО.
По секоја точка од дневниот ред Претседателот отвора општа расправа. Во општата расправа Претседателот е должен да даде збор на сите заинтересирани членови на НО.
По завршувањето на општата расправа сите предлози предложени од членовите на НО се стават на гласање.
Доколку се изнесени повеќе предлози за одделни прашања по точки од дневниот ред на гласање прво се стават предлозите кои се доставени во писмена форма, а потоа се гласа по предлозите кои се изнесени усно. Редоследот по кој се гласаат писмените предлози е во согласност со датумот на нивното пристигнување и заверување во архивата на Слоу Фуд Македонија. Гласањето по предлозите кои се изнесени усно се одвива по истиот редослед по кој биле предложени на седницата на НО.

**Член 8**

Претседателот, ниту било кој друг член на НО на Слоу Фуд Македонија не смее самостојно да донесува одлуки.

**Член 9**

Од секој состанок на НО се води записник.
Записникот го води еден од членовите на НО, или друго лице кое ќе биде избрано од НО, кое ќе присуствува на состанокот.
Записникот се доставува до членовите на НО најдоцна седум дена по одржувањето на состанокот.

**Член 10**

Патните трошоци за членовите на Национален одбор или повиканите членови на Националниот совет, координаторите на секциите и координаторите од Извршната канцеларија кои доаѓаат од друго населено место различно од местото на одржување на состанокот на НО, ги покрива Слоу Фуд Македонија.

**Член 11**

НО на Слоу Фуд Македонија е должен да даде извештај во рок од 7 дена за својата работа, доколку тоа го побара Националниот совет на Слоу Фуд Македонија.
НО на Слоу Фуд Македонија е должен да му овозможи на Националниот совет да изврши увид во материјално-финансиското работење кога тоа ќе го побара Националниот совет.

**Член 12**

Право на толкување на одредбите од овој деловник има НС на Слоу Фуд Македонија, а меѓу две седници на НС тоа право го има НО.

**Член 13**

Постапката за менување на овој правилник е иста како и постапката за негово донесување.

**Член 14**

Овој Деловник е донесен на седницата на НС на Слоу Фуд Македонија одржана на ден 30.06 2019 година.

